ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDERMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, numer 0201-2723/8
Дата, data 04-03-2014
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 25 од Статутот на ЈП Водовод и канализација - Скопје, Управниот Одбор на ЈП Водовод и канализација -Скопје на својата шеста седница, одржана на ден 04.03.2014 година донесе

# ОДЛУКА

## за утврдување на критериуми за отплата на долг на рати

### Член 1

Правните лица - корисници на услугите на ЈП Водовод и канализација -Скопје кои имаат заостанат долг, може истиот да го отплатат на рати, во зависност од висината на долгот, и тоа по следните критериуми:

1. На вкупниот долг се додава и износот на камата пресметана од денот на валутата на секоја поединечна фактура-сметка до денот на склучување на договорот и долгот по основ на пресметана камата за задоцнето плаќање за кој е изготвена каматна листа;
2. Вака добиениот износ (главен долг + камата), може да се отплати:
   - на 3 рати, за износ од 6.000,00 ден. до 30.000,00 ден.
   - на 6 рати, за износ од 30.001,00 ден. до 60.000,00 ден.
   - на 9 рати, за износ од 60.001,00 ден. до 90.000,00 ден.,
   - на 12 рати, за износ од 90.001,00 ден. до 120.000,00 ден.
   - на 15 рати, за износ од 120.001,00 ден. до 150.000,00 ден.
   - на 18 рати, за износ од 150.001,00 ден. до 180.000,00 ден.
   - на 21 рата, за износ од 180.001,00 ден. до 210.000,00 ден., и
   - на 24 рати, за износ над 210.001,00 ден.

Со секој корисник задолжително да се склучи писмен Договор кој ќе содржи клаузула на извршување и истиот да се завери на Нотар. Трошоците за заверка на договорите согласно Нотарската тарифа, да паднат на терет на претпријатието.

### Член 2

Физички лица - корисници на услугите на ЈП Водовод и канализација - Скопје кои имаат заостанат долг, може истиот да го отплатат на рати во зависност од висината на долгот (главен долг, камата и трошоци), и тоа по следните критериуми:

- на 2 рати, за износ до 5.000,00 ден.
- од 3 до 6 рати, за износ од 5.001,00 ден. до 15.000,00 ден.
- од 7 до 8 рати, за износ од 15.001,00 ден. до 25.000,00 ден.
- од 9 до 15 рати, за износ од 25.001,00 ден. до 40.000,00 ден.
- од 16 до 19 рати, за износ од 40.001.00 ден. до 50.000,00 ден.
- на 20 рати, за износ од 50.001,00 ден. до 60.000,00 ден.
- од 21 до 23 рати, за износ од 60.001,00 ден. до 70.000,00 ден.
- од 24 до 30 рати за износ од 70.001,00 ден. до 120.000,00 ден., и
- од 30 до 36 рати за износ над 120.001,00 ден.

Право за одобрување на повеќе рати од предвидениот број на рати од став 1 на овој член, имаат Раководителот на Службата за наплата домаќинство и Директор на претпријатието.

Со секој корисник задолжително да се склучи писмен Договор кој ќе содржи клаузула на извршување и истиот да се завери на Нотар. Трошоците за заверка на договорите согласно Нотарската тарифа, да паднат на терет на претпријатието.

Член 3

Се задолжува Сектор „Сметководство, финансови работи, јавни набавки и комерција“ и Сектор „Правни, кадрови и општи работи“ за спроведување на оваа одлука.

Член 4

Со денот на влегување во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за утврдување на критериуми за отплата на долг на рати Бр.0201-1308/8 од 31.01.2012 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

УПРАВЕН ОДБОР
Претседател,
Драги Тодосовски